АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 
Рок на чување 
201 Потпис

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 14.03.2024 година, донесе

Архивски знак 
Рок на чување 
26.03.2024 г. Потпис

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за остварено право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештај за остварено право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар со архивски број 08-283/1 од 01.03.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-286/15
14.03.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски

Врз основа на член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), како и член 1 од Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр. 22/2022), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

# ИЗВЕШТАЈ

За остварено право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар

Советот на Општина Демир Хисар во 2022 година донесе Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.

Согласно Одлуката, беше утврдена парична помош за секое прваче во износ од 3.000,00 денари.

Во изминатата 2023 година до Општина Демир Хисар беа доставени вкупно 46 барања за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.

Во 2023 година исплатени беа 141.000,00 денари за 46 барања за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар. Од тоа за:

- 38 првачина во ОУ „Гоце Делчев" Демир Хисар;
- 6 првачина во ОУ „Браќа Миладиновци" Жван и
- 3 првачина во ОУ „Даме Груев" Смилево.

Бр. 08-283/1
01.03.2023 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски